UDC 343.81

Mitasin Beqiri, PhD[517]
Rezak Jakupi, PhD

# PRANIMI I PERSONAVE TË DËNUAR NË SHNK NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

# ПРИЕМ НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ВО КПУ – ВПУ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# RECEIPT OF CONVICTED PERSONS IN KPU - VPU IN MACEDONIA

Abstract

During the personal search of the convicted person on admission to the institution, as well as conducting personal searches during imprisonment shall be confiscated are not allowed, and dangerous objects that could endanger his personal safety and security the institution.

Special rooms for receptions department has in major prisons (Idrizovo, Stip and Skopje), while smaller institutions of a semi-open type, newly arrived inmates are housed in makeshift premises to examine their personality.

The proposal to move submits director of the correctional facility where the convicted person serving a prison sentence, to the Director of the Directorate for Execution of Sanctions.

The decision whether the convicted person will be moved or not, or whether the application of the convicted person or the proposal of the director of criminal -popravnata institution will be

[517] Предавач на Правниот Факултет при ФОН Универзитетот во Скопје.

accepted or rejected, The Director of the Directorate for Execution of Sanctions. Inmates who are dissatisfied with the decision of the Director of the Directorate for Execution of Sanctions, have the right to appeal to the Minister of Justice within 8 days of receipt.

**Keywords:** convicted persons, imprisonment, punitive house, pentenciar system.

## Вовед

Денеска со право може да се заклучи дека некои работи поврзани со приемот на осудените лица за издржување на казна затвор се повеќе се предмет на анализирањето на пенологијата како наука. Тука во кратки црти ќе го претставиме приемот на осудените лица, упатени на издржување на казната затвор во пенитенцијарната институција. Вообичаено поимот прием во општите начела на пенологијата се однесува на запознавањето на осуденото лице со Законот за Извршување на санкциите, Куќниот ред на Установата, условите за престој во истата, како да се однесува осудениот со службените лица, како да се однесува со другите осудени лица и др. Имајќи ги предвид модерните пенолошки начела не случајно и приемот се идентификува како битен фактор во казната. Поаѓајќи од ова констатација се појавува потребата за дефиниција на приемот и неговата обработка во специфичностите на извршување на одредени кривични санкции, сместувањето на осуденото лице во установата и распоредувањето, разместувањето, преместувањето, прогресирањето. Во овој осврт, во право се оние автори кои истакнуваат дека приемот на осудените лица треба да е со институционален карактер.

**Клучни зборови:** пенитенцијарна институција, Куќен ред, матично одделение, осудено лице

## 1. Постапка за прием на осудено лице во казнено-поправна установа

Прием на осудено лице се врши секој работен ден во рамките на работното време на установата, врз основа на упатен акт примен од судијата за извршување на санкции при месно надлежниот суд.

Осуденото лице кое е спроведено од страна на припадници на Министерството за внатрешни работи или е преместено од друга казнено-поправа установа може да се прими на издржување на казна затвор и надвор од работното време на установата.

Приемот на осуденото лице се врши во матичното одделение на установата.

При приемот на осуденото лице се утврдува неговиот идентитет врз основа на податоците во личната карта или друга исправа погодна за утврдување на идентитетот ( патна исправа).

Податоците од пресудата на осуденото лице треба да се идентични со податоците содржани во личните исправи врз основа на кои се утврдува идентитетот на осуденото лице.

Доколку податоците не се идентични и не може да се утврди идентитетот на осуденото лице, установата е должна во рок од 24 часа да преземе мерки за утврдување на идентитетот на осуденото лице преку евиденцијата на Министерството за внатрешни работи.

### 1.1. Видови на евиденција во матичното одделение:

1. Матична книга за осудени лица ( ИК – 1);
2. Матичната книга за притворени лица (ИК – 2)
3 Азбучник за матична книга за осудени лица
4 Личен лист (за осудени ИК – о и малолетни лица ИК – М)
5 Матична книга за притворени лица (ИК-2)
6 Азбучник за матична книга за притворени лица
7. Личен картон за осудени лица.
8. Содржина на матичните книги

По приемот во установата се врши личен претрес на осуденото лице. Личниот претрес го вршат две службени лица од ист пол како и осуденото лице кое се претресува.

Личниот претрес се врши на начин на кој се почитува личноста и достоинството на осуденото лице.

Осуденото лице може да задржи предмети за лична употреба и тоа: облека, долна облека, сопствена постелнина, нужен прибор за лична хигиена, очила, семејни фотографии, прибор за пишување, часовник, списи и документација во врска со пресудата и кривичните дела, цигари, прехранбени производи што не се подложни на расипување, а се набавени во трговската мрежа и се во оригинално пакување. При приемот во установата осуденото лице е должно да ги пријави дозволените предмети. Осуденото лице може да ги задржи ортопедските и другите медицински помагала, а лековите само по претходно одобрение на лекар. Сите предмети кои не се претходно наведени не се дозволени да ги има осуденото лице кај себе.

При вршење на личен претрес на осуденото лице при прием во установата, како и при вршење на личен претрес за време на издржувањето на казната затвор му се одземаат предметите кои не се дозволени, како и опасни предмети кои можат да ја загрозат неговата лична безбедност и безбедноста на установата.

### 1. 2. Постапување со одземени предмети на осуденото лице

За одземените предмети се изготвува записник во кој се запишуваат видот, количината и други карактеристики на одземените предмети.

Записникот за одземени предмети го потпишуваат овластените службени лица што го извршиле претресот и осуденото лице. На осуденото лице му се дава копија од записникот, а доколку одбие да го потпише тоа се забележува на самиот записник.

Одземените предмети кои се од расиплива природа се уништуваат од страна на посебна комисија формирана од Директорот на установата составена од претседател и двајца членови,

чиј член задолжително е службеното лице кое го вршело претресот кога се пронајдени недозволените предмети. За уништувањето на одземените предмети се составува посебен записник.

За одземените предмети кои можат да бидат или се предмет на кривично дело, се известува Министерството за внатрешни работи и истите се предаваат на овластено службено лице од ова министерство.

### 1.3. Личен лист на осуденото лице

По завршувањето на постапката за утврдување на идентитетот на осуденото лице, прегледот и претресот, добиените податоци се внесуваат во личниот лист за осуденото лице.

Врз основа на утврдените податоци за идентитетот на осуденото лице и податоците од пресудата, референтот за прием и отпуст во матичното одделение отвара личен лист на осуденото лице. Осуденото лице при приемот во установата се фотографира, дактилоскопира и се врши скенирање на документацијата. Отисоците земени од осуденото лице при дактилоскопирањето и фотографирањето, се дел од личниот лист на осуденото лице.

Во личниот лист на осуденото лице се внесуваат сите потребни податоци, почетокот, истекот и измената на казната.

Личниот лист е составен дел на личното досие на осуденото лице во кое се наоѓа и упатниот акт заедно со доставените пресуди, известувањата до судовите за јавување на осудениот и слично.

За извршениот прием на осуденото лице референтот за прием во рок од 24 часа го известува надлежниот суд и Центарот за социјална работа.

Доколку осуденото лице е странски државјанин, за приемот во установата се известува соодветната амбасада или дипломатско претставништво.

## 2. ПРИЕМНО ОДДЕЛЕНИЕ

### 2.1. Сместување на осудено лице во приемно одделение

Припадникот на секторот за обезбедување го спроведува осуденото лице од матичното во приемното одделение.

Осуденото лице се сместува во приемното одделение и веднаш по приемот се задолжува со постелнина. На осуденото лице му е дозволено користење на сопствена постелнина и средства за лична хигиена. Задолжувањето го врши магационерот на установата во присуство на припадник на секторот за обезбедување.

На осуденото лице по негово барање му се овозможува телефонски разговор со неговото семејство. При приемот осуденото лице се запознава со Куќниот ред на казнено-поправната установа.

При прием на осуденото лице во установата се врши лекарски преглед во рок од 24 часа.

Доколку осуденото лице е примено во установата за време на државен празник или викенд, лекарски преглед се врши првиот нареден работен ден по приемот.

Лекарскиот преглед се врши без присуство на друго службено лице, со цел почитување на доверливоста помеѓу осуденото лице и лекарот.

Во случај кога кај осуденото лице ќе се констатираат било какви повреди предизвикани со примена на физичка сила или средства за присилба или други знаци на физичко и психичко насилство, затворскиот лекар составува записник со детален опис на повредите и заклучок за начинот и средствата со кои се нанесени повредите.

За констатираните повреди затворскиот лекар веднаш го известува директорот на казнено – поправната установата.

Директорот на установата веднаш по писмен пат го известува надлежниот јавен обвинител.

На секое осудено лице поединечно му се обезбедува легло и место за чување на личен прибор. На осудените лица им се

дозволува да носат сопствена облека и обувки, кои мора да бидат пристојни и уредни. На осудените лица кои немаат своја облека им се обезбедува соодветна облека на климатските услови и годишното време.

Престојот на осуденото лице во приемното одделение трае од 15 до 30 дена.

Во приемното одделение на затворените казнено-поправни установи осуденото лице останува најмногу 30 дена, додека во установите од полуотворен вид во кои се извршува казната затвор до три години, во приемното одделение лицето се задржува до 15 дена. За овој период осуденото лице е под опсервација на стручниот тим на установата и осудениот се третира од криминолошки, психолошки, социјален и медицински аспект.

Имајќи ја во предвид структурата на личноста, како и карактерот на извршеното кривично дело во овој период стручниот тим и директорот на установата на конференциска средба, ја утврдуваат класификацијата, сместувањето, програмата за третман и работното ангажирање на осуденото лице. Во приемното одделение се врши проценка на личноста и определување на класификацијата на осудените лица, спроведувањето на третманот и процесот на ресоцијализација, како и остварувањето на погодностите на осудените лица. **Ова е вертикалната класификација на осуденото лице.**

Главната претпоставка за остварување на вертикалната класификација е продлабочена опсервација на осудените лица.[518]

Посебни простории за приемно одделение има во поголемите казнено-поправни установи (Идризово, Штип и Скопје), додека во помалите установи од полуотворен вид, новодојдените осудени лица се сместуваат во импровизирана просторија каде се испитува нивната личност.

Согласно стратегијата за ресоцијализација и рехабилитација на осудени лица посебни приемни одделенија треба да се

[518] Сулејманов,З. (1999): „Пенологија", Скопје, стр. 525.

формираат во сите останати казнено – поправни установи до крајот на 2012 година.[519]

## 2.2 Распоредување на осудени лица во групи

*Под распоредување се подразбира групирање на осудените лица во соодветни групи во рамките на одделенијата во установата од одреден вид.*

Осудените лица класифицирани во затворено одделение се распоредуваат во група В1, В2 или В3.

Во групата В1 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е многу висок.

Во групата В2 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е висок или среден.

Во групата В3 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден или низок и ако против него не се води друга постапка или не му е изречена друга казна затвор.

Осудените лица класифицирани во полуотворено одделение се распоредуваат во група Б1 или Б2.

Во групата Б1 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е многу висок, висок или среден.

Во групата Б2 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден или низок и ако против него не се води друга постапка или не му е изречена друга казна затвор.

Доколку се работи за осудено лице со висок степен на ризик и кое што нема потенцијал за промена, од страна на службата од секторот за ресоцијализација односно матичниот воспитувач, интензивно се работи со осудениот применувајќи индивидуални форми на работа во насока на промена на навиките, однесувањето и комуникацијата. Под постојана контрола, совети и укажувања, потребно е осуденото лице да покаже перманентно прифаќање на третманот. Заради стимулирање на поведението

[519] Види „Стратегија за ресоцијализација и рехабилитација на осудени лица 2010- 2012” , Управа за извршување на санкции, Скопје 2010.

воопшто, имајќи ги во предвид особините на личноста на осудениот, се наградува со интерни погодности кои се во функција на педагошка награда и признание.

Третманот кој се спроведува врз осуденото лице потребно е да оди во нагорна линија и да се очекува и негово идно позитивно однесување во актуелната средина.

### 3. РАЗМЕСТУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

Според утврдените законски норми во Република Македонија *под разместување на осудени лица се подразбира промена на одредената група, одделение или установа заради успешно реализирање на целите на третманот.*

Со разместување на осуденото лице се врши промена на третманот од построг вид во полиберален и обратно.

Класификацијата, распоредувањето и разместувањето на осудените лица се организира така што врз одделни категории на осудени лица да може да се спроведе на различни видови на третман, спречување на меѓусебно штетно влијание и одржување на дисциплината.

При распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица мора да се има предвид видот и природата на кривичното дело и степенот на кривична одговорност.

Во казнено поправната установа осудените лица се класифицираат според неопходноста за примена на мерки на третман и видот на потребниот третман, нивната возраст, личните карактеристики и други околности од значење за оцена на личноста на осуденото лице.

Осудените лица од различен пол казната затвор ја издржуваат одвоено.

Осудените лица кои за прв пат издржуваат казна затвор се одвојуваат од осудените лица во поврат.

Лицата кои се наоѓаат во притвор се одвојуваат од лицата кои ја издржуваат казната затвор.

Казната малолетнички затвор спрема малолетните лица до наполнување на 23- годишна возраст се извршува одвоено од полнолетните осудени лица.

Всушност науката која ја проучува Пенологијата, класификацијата на осудените лица и нивното распределување се изучува теоретски онака како треба да биде.

Ист е случајот и со утврдените законски норми во Република Македонија, со кои точно е определено како треба да бидат класифицирани осудените лица и како треба да бидат распределени во групи на издржување на казната затвор во казнено –поправните установи.

Но, практиката покажува дека во македонските затвори состојбата со преполнетост е алармантна, така што не постојат реални услови за да бидат класифицирани и издвоени осудените лица според законските критериуми утврдени со Законот за извршување на санкции, како и со правилниците за Класификација и распоредување на осудените лица.

Имено, во КПД Идризово најголемата казнено - поправна установа во нашата држава, во втората половина од 2013 година бројната состојба на осудените лица ја достигна бројката од околу 1500 лица. При ваква состојба на преполнетост не постои ниту реална можност осудените лица да бидат распоредени и сместени според утврдените законски критериуми.

Измешани се примарни сторители на кривични дела со рецидивисти, сторители на дела од небрежност односно на сообраќајни несреќи со сторители на тешки кривични дела, осудени лица со психички проблеми и растројства, зависници од дрога кои се на метадонска терапија, болни од хепатит, туберкулоза и од други заразни болести со здрави осудени лица.

Криминалната инфекција многу лесно се шири, посебно кај лица кои се сугестибилни и со низок праг на толеранција, бидејќи не постои ќелиски систем на сместување на осудените, туку истите се сместени во соби со голем број на осудени лица.

Во затвореното одделение на КПД Идризово има соби во кои се сместени и по шеснаесет осудени лица, креветите им се на кат, животниот простор кој треба за секое осудено лице да биде минимум 9 метри кубни е далеку од утврденото според европските стандарди. Целата оваа состојба предизвикана од неможноста на поудобен престој и сместување на осудените во собите, одржување на хигиената, уредување на просторот и слично предизвикува фрустрации и нетрпеливост кај осудените лица кои често доведуваат до конфликтни ситуации.

Постои групирање на осудените лица, доминација на посилните над послабите, поимотните над сиромашните, поради што доаѓа до меѓусебно задолжување - лихварство од што произлегува нетрпеливост која резултира со закани по животот на осудените кои се вклучени во овие недозволени меѓусебни односи и на крајот резултира со меѓусебни вербални и физички пресметки.

На овој начин директно се загрозува и безбедносната состојба на установите, како и личната безбедност на осудените, од што неминовно произлегува нивното преместување од една во друга установа, со цел да се раздвојат осудениците кои се во конфликт и да се спречи поголема ескалација на настаните.

## 4. ПРЕМЕСТУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

Преместувањето на осудените лица низ македонските затвори се врши секојдневно.

Преместување на осудените лица од една казнено-поправна установа на натамошно издржување на казната затвор во друга установа се врши согласно член 157 од Законот за извршување на санкциите. Преместувањето на осудените лица се врши по молба на осудено лице или по предлог на директорот на установата, каде осудениот ја издржува казната затвор.

Исто така, но во поретки случаи одредени осудени лица бараат преместување од една во друга казнено-поправна установа и од здравствени причини, за да одат на терапија или на лекување во одредена здравствена установа во нивното место

на живеење, во која сакаат да се испитуваат или да се лекуваат, а често наведуваат лекување и приватно, на сопствен трошок. Има случаи кога бараат преместување и поради болест на нивни блиски во семејството-деца, сопруги, родители итн.

Преместување на осудено лице од една во друга установа од различен вид се врши само по предлог на директорот на установата каде осуденото лице ја издржува казната затвор, од повеќе причини и тоа:

-поради безбедносни причини кога со натамошно престојување на осуденото лице во установата се загрозува безбедната состојба на установата, животот и телесниот интегритет на осуденото лице или интегритетот на друго осудено лице;

-поради преполнет капацитет на установата, кога нема услови за нормално и безбедно извршување на казната затвор на осудените;

-поради рационалност на судска постапка што се води против осуденото лице за време на издржување на казната затвор пред суд надвор од седиштето на установата каде осуденото лице ја издржува казната;

- или од причини кога е неопходна здравствена заштита.

Предлогот за преместување го поднесува Директорот на казнено-поправната установа каде осуденото лице ја издржува казната затвор, до Директорот на Управата за извршување на санкции.

Одлуката дали осуденото лице ќе биде преместено или не, односно дали молбата на осуденото лице или предлогот на директорот на казнено-поправната установа ќе бидат прифатени или одбиени, ја носи директорот на Управата за извршување на санкции. Осудените лица кои се незадоволни од одлуката на директорот на Управата за извршување на санкциите, имаат право на жалба до Министерот за правда во рок од 8 дена од приемот на решението.

Во 2008 година до Управата за извршување на санкциите биле поднесени вкупно 301 барање, односно предлог за преместување на осудените лица од една во друга казнено-поправна

установа, од кои 200 биле позитивно решени, додека 101 барање односно предлог за преместување биле одбиени.

Во 2009 година во КПД Идризово од друга установа биле преместени 21 осудено лице, а во друга установа од КПД Идризово биле преместени вкупно 146 осудени лица.

Вкупниот број на осудени лица во 2009 година низ сите казнено-поправни установи во Република Македонија од друга установа биле преместени 186 осудени лица, а од установата во која ја издржувале казната 254 биле преместени во друга установа .

Бројот на осудени лица кои биле преместени од една во друга установа на натамошно издржување на казната во 2010 година изнесувал 561 осудено лице.

Бројот на осудени лица кои биле преместени од една во друга установа на натамошно издржување на казната во 2011 година изнесувал 216 осудени лица.

До Управата за извршување на санкциите во текот на 2012 година се доставени вкупно 402 молби и предлози за преместување на осудени лица од кои 226 се уважени. Од нив 97 се молби поднесени од осудените лица за преместување од КПД Идризово во друга установа.

Поради преполнет капацитет имало вкупно 148 предлози за преместување на осудените лица.

Од безбедносни причини, вкупно 21 предлози од директорот на установата.

## 5. ПРОГРЕСИРАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

Осудените лица за време на издржувањето на казната затвор, по изминат одреден временски период зависно од резултатите на превоспитувањето, нивното поведение и залагањето во работата може да прогресираат од установа од затворен во полуотворен или во отворен вид, или во соодветните одделенија на истата установа.

Прогресирање на осудените лица согласно член 154 од Законот за извршување на санкции[520] се врши по предлог на директорот на установата каде осуденото лице ја издржува казната затвор или по барање на осуденото лице, а одлучува директорот на управата за извршување на санкции.

Во рамките на иста установа, за прогресирање од едно во друго одделение на осуденото лице одлучува директорот на установата каде осуденото лице ја издржува казната затвор.

Повторно барање за прогресирање осуденото лице може да поднесе по истекот на три месеци од правосилноста на решението, со кое е одлучено за неговото претходно барање.

Во текот на 2008 година биле прогресирани вкупно 710 осудени лица од кои 652 прогресирале внатре во самата установа, додека 58 осудени лица прогресирале во друга полиберална установа.[521]

Во текот на 2009 година биле репрогресирани вкупно 617 осудени лица од кои 558 прогресирале внатре во самата установа, додека 59 осудени лица прогресирале во полиберална установа.

Во КПД Идризово внатре во установата прогресирале 337 осудени лица, а од КПД Идризово во друга установа прогресирале 25 осудено лице.

Во текот на 2009 година зголемен е бројот на осудени лица кои прогресирале внатре во установата споредено со 2008 година кога внатре во установата прогресирале 652 осудени лица. Бројот на осудени лица кои прогресирале од една во друга установа во

[520] Види „Закон за извршување на санкции на Р. Македонија" Сл. Весник на РМ бр. 2 (09.01.2006 г.), Скопје, член 154 и 155.

[521] Министерство за правда, Управа за извршување на санкции:, „Годишен извештај за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно–поправните установи во Република Македонија за 2008 година", Скопје Април 2009 година.

2009 година е приближен со 2008 година кога од една во друга установа прогресирале 58 осудени лица.[522]

Во 2010 година бројот на осудени лица кои прогресирале внатре во самата установа бил 774 осудени лица, а бројот на осудени лица кои прогресирале од една во друга установа бил 39 осудени лица по молби на осудените лица. Предлози од директорите на установите немало ниту еден, а 16 молби за прогресирање се уважени.

Во 2011 година до Управата за извршување на санкции имало поднесено вкупно 34 барања за прогресирање од построги во полиберални установи. Од нив 5 се предлози поднесени од директори на установите и 29 се молби поднесени од осудени лица од кои 22 молби се од осудени лица кои издржуваат казна затвор во КПД Идризово.

Во 2012 година до Управата за извршување на санкции биле поднесени вкупно 19 барања за прогресирање од кои 17 молби од осудени лица и 2 предлози поднесени од директор на установа. По однос на предлозите поднесени се од директорот на КПД Штип, а молбите 7 се поднесени од осудени лица кои издржуваат казна затвор во КПД Идризово, 7 во КПД Штип и 3 во Затвор Битола. Сите молби и предлози од страна на директорот на УИС се одбиени и во оваа 2012 година ниту едно лице не прогресирало од построга во полиберална установа да ја издржува казната.[523]

### Заклучоци

При вршење на личен претрес на осуденото лице при прием во установата, како и при вршење на личен претрес за време

---

522 Министерство за правда, Управа за извршување на санкции:, „Годишен извештај за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно–поправните установи во Република Македонија за 2009 година", Скопје Март 2010 година.

523 Министерство за правда, Управа за извршување на санкции:, „Годишен извештај за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно–поправните установи во Република Македонија за 2012 година", Скопје Април 2013 година

на издржувањето на казната затвор му се одземаат предметите кои не се дозволени, како и опасни предмети кои можат да ја загрозат неговата лична безбедност и безбедноста на установата.

Посебни простории за приемно одделение има во поголемите казнено-поправни установи (Идризово, Штип и Скопје), додека во помалите установи од полуотворен вид, новодојдените осудени лица се сместуваат во импровизирана просторија каде се испитува нивната личност.

Предлогот за преместување го поднесува Директорот на казнено-поправната установа каде осуденото лице ја издржува казната затвор, до Директорот на Управата за извршување на санкции.

Одлуката дали осуденото лице ќе биде преместено или не, односно дали молбата на осуденото лице или предлогот на директорот на казнено –поправната установа ќе бидат прифатени или одбиени, ја носи директорот на Управата за извршување на санкции. Осудените лица кои се незадоволни од одлуката на директорот на Управата за извршување на санкциите, имаат право на жалба до Министерот за правда во рок од 8 дена од приемот на решението.

## Користена литература

Сулејманов,З. (1999):,,Пенологија",Скопје, стр. 525

Види ,,Стратегија за ресоцијализација и рехабилитација на осудени лица 2010- 2012" , Управа за извршување на санкции, Скопје 2010 година.

,,Закон за извршување на санкции на Р. Македонија" Сл. Весник на РМ бр. 2 (09.01.2006 г.), Скопје,член 157.

Види ,,Закон за извршување на санкции на Р. Македонија" Сл. Весник на РМ бр. 2 (09.01.2006 г.), Скопје, член 154 и 155.

Министерство за правда, Управа за извршување на санкции:, ,,Годишен извештај за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно–поправните установи во Република Македонија за 2008, 2009, 2010, 2011, 2012 година", Скопје